Република Македонија

Ј.З.У. Центар за јавно здравје-Скопје



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕН КАДАР ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2016 ГОДИНА

Скопје, 2017

Република Македонија
Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕН КАДАР ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2016 ГОДИНА

Скопје, мај 2017 година

**Република Македонија**
**Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје**

Директор: d-r SHEMSI MUSA

Обработка на податоците:
**Одделение за социјална медицина**

Раководител на Одделението:
**прим. д-р сци. Весна Спирова**

Уредник и автор:
**д-р сци. м-р Валентина Симоновска**

Информатичка обработка:
**INFO SOFT ING**
**дипл. инг. Нијази Абдији**

Содржина

1. Вовед

2. Цели

3. Материјал и метод на работа

4. Резултати и дискусија

4.1 Мрежа на здравствени установи и организациски потенцијал (Скопски регион)

4.2 Кадровска обезбеденост на Скопскиот регион со здравствени работници и здравствени соработници

4.3 Споредба на индикатори за обезбеденост со здравствени работници во Р. Македонија и други земји од Европскиот Регион

5. Заклучоци

6. Предлог мерки

7. Користена литература

8. Табеларен приказ

# 1. Вовед

Научната мисла несомнено се развива, јакне и не смее да запре зошто промените никогаш не смеат да престанат. Нема градење на добри здравствени капацитети ако не постои добра екипираност со стручен кадар и ако не се следат промените. Секоја програма за развој на здравствените кадри треба да има карактер на минливост, да биде насочувачка рамка по која здравствените работници би се едуцирале и усовршувале, а потоа би спроведувале квалитетна здравствена заштита. Здравствени работници се лица кои имаат завршено медицински, стоматолошки и фармацевтски науки, како и лица со завршено друго стучно училиште во медицинската професија, кое директно како професија спроведува здравствена дејност. Во здравствените установи здравствен работник, во зависност од степенот на образование е: лекар, стоматолог, дипломиран фармацевт, друг здравствен работник (останат) - кој има завршено високо, вишо, или средно образование од здравствена струка. Здравствените работници имаат право и должност да ги развиваат своите вештини со цел да се одржи и подобри квалитетот на нивната работа. Планирањето, обуката и користењето на здравствениот персонал треба да биде во согласност со политиката Здравје за сите Цел 18. Политиката на Европскиот регион: "21 цел за XXI век" се однесува на развојот на човечките ресурси за здравјето:

- До 2010 година сите земји-членки треба да обезбедат дека сите професионалци во областа на здравствените и другите сектори ќе имаат добиено соодветно знаење, ставови и вештини потребни за заштита и унапредување на здравјето. Обезбедување на професионалци во областа на здравството треба да се базира на принципите на стратегијата "Здравје за сите", подготвувајќи ги тие лица да спроведуваат промотивни, превентивни, куративни и услуги за рехабилитација со добар квалитет.
- Системот за планирање треба да овозможи бројот и врската помеѓу различните видови на здравствени работници да одговара на сегашните и идните потреби за здравствениот кадар.

- Сите земји-членки мора да имаат соодветни капацитети за обука во рамките на специјализација за управување со јавното здравје, менаџмент и клиничка пракса.
- Образованието на професионалци од сродни сектори треба да содржи основни принципи од стратегијата "Здравје за сите", со посебно знаење за тоа како работата на овие сектори може да влијае на детерминантите на здравјето.

Националната стратегија за здравје до 2020 година има за цел да нè обедини сите за здравјето на секој граѓанин на Република Македонија, покрај одговорноста на Владата за здравјето на населението. Стратегијата се базира на нашиот конкретен развој и контекст, но е инспирирана и од развојот на здравјето на глобално и регионално ниво којшто ја опфаќа и Република Македонија. Поглавјето Здравствен систем и ресурси ги опфаќа следните активности:

- Зајакнување на капацитетите за управување и раководење со здравствениот систем;
- Воведување и унапредување на сеопфатен здравствен информациски систем на сите нивоа на здравствената заштита;
- Воспоставување одржлив финансиски систем;
- Подобрување на капацитетите на здравствениот систем во целост (простор, опрема и кадар) преку рамномерна дистрибуција во рамки на здравствениот систем согласно потребите на различните региони;
- Воспоставување ефективни и квалитетни здравствени услуги достапни за секој граѓанин;
- Работење со цел создавање на потребните човечки ресурси за здравје со соодветни вештини и капацитет на вистинско место во вистинско време. Стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија: СИТЕ ЗАЕДНО ЗА ЗДРАВЈЕ ЗА СЕКОГО во делот ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ И РЕСУРСИ покрај достапност и пристапност на здравствените услуги содржи и индикатор за густина и распределба на здравствените работници.

Извештајот за вработен кадар во здравствените установи за 2016 година е изработен врз база на пописот на вработените во здравствените установи и други установи кои вршат здравствена дејност на подрачјето на Скопскиот регион. Анализирана е состојбата регистрирана на 31.12.2016 година. Во овој

извештај се вклучени вработените во јавниот и приватниот сектор. Извештајот содржи целосна слика на вработените во сите здравствени установи на подрачјето на Скопскиот регион и оние установи каде делумно се спроведува здравствена дејност. Исто така, прикажана е и дистрибуцијата на здравствените работници, здравствените соработници и административно-техничкиот кадар во здравството спрема здравствените дејности и здравствените установи на кои им припаѓаат. Во табелите на овој извештај даден е приказ на дистрибуцијата на здравствените работници вработени во здравствените установи спрема степенот на нивната стручна подготовка, видот, возраста и полот.

## 2. Цели

Основната цел на овој извештај е да даде приказ и оценка за развиеноста на здравствената мрежа на подрачјето на Центарот за јавно здравје–Скопје (мрежата на здравствените установи, организацијата на здравствените служби и во нив вработениот кадар).

Втора цел е да се даде целосен преглед на вработените здравствени работници, здравствени соработници и административно-техничкиот кадар во здравствените установи и други установи кои делумно вршат здравствена дејност според видот и степенот на стручната поготовка.

Третата цел е да се прикажат стандарди на обезбеденост со лекари и здравствени работници, со виша и средна стручна подготовка во Скопскиот регион.

## 3. Материјал и методи

Како материјал за работа е користен Збирниот извештај за вработен кадар и организација на здравствените установи, Образец бр. 3-00-60, кој еднаш годишно се доставува во Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје – Скопје.

Обработените податоци се резултат од спроведениот попис на здравствените работници кои работеле во здравствените установи во Скопскиот регион на 31.12.2016 година.

Дизајнот на ова истражување е дескриптивен и има за цел аналитички да ги прикаже добиените резултати. Според методот на работа ова истражување е студија на пресек (2016 година), со статистичка обработка на податоците прикажани како проценти или стапки. Направена е анализа за 2016 година со табеларен и графички приказ на показателите на структура и интензитет.

# 4. Резултати и дискусија

## 4.1 Мрежа на здравствени установи и организациски потенцијал (Скопски регион)

Мрежата на здравствени установи и други установи кои вршеле здравствена дејност ги опфаќа оние установи кои редовно доставувале извештаи за 2016 година. Наша проценка е дека бројот на здравствени установи во Скопскиот регион е поголем и дека сеуште некои од нив редовно не ги исполнуваат законските обврски за известување.

Мрежата на здравствените установи преку кои се обезбедувала здравствената заштита на населението во општините во Скопскиот регион за 2016 година ја сочинуваат следните видови на здравствени установи: ординации по општа медицина, ординации по стоматологија, ординации по гинекологија и акушерство, специјалистичко – консултативни ординации, поликлиники од примарно и секундарно ниво, ургентен центар, општи болници, специјални болници, универзитетски клинички центар, универитетски клиники, клиничка болница, заводи, институт за медицина на труд, институт за трансфузиологија, институт за јавно здравје, центар за јавно здравје и аптеки. Во однос на сопственоста на капиталот установите се поделени на: државни (јавни), концесионерски (под закуп) и приватни здравствени установи.

Во текот на 2016 година во општина **Аеродром** здравствена заштита спроведувале 94 здравствени установи: една работна единица на Здравствен дом – Скопје, 41 ординации по општа медицина, 2 ординации по гинекологија, 30 ординации по стоматологија, 16 специјалистичко-консултативни ординации, 5 аптеки. Во општина **Арачиново** функционирале 3 здравствени установи: една подрачна служба на Здравствен дом – Скопје, 3 ординации по општа

медицина. Во општина **Бутел** здравствена заштита спроведувале 18 здравствени установи од кои: 10 ординации по општа медицина, 4 ординации по стоматологија, 1 специјалистичко-консултативна ординација и 3 аптеки. Во општина **Центар** здравствени услуги обезбедувале 229 здравствени установи: Здравствен дом Железничар и две подрачни служби на Здравствен дом – Скопје, една поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", 31 ординации по општа медицина, 15 ординации по гинекологија, 47 стоматолошки ординации, 2 дијагностички лаборатории, 67 специјалистичко-консултативни ординации, два стоматолошки клинички центри, 14 институти, 2 заводи, 1 институт за јавно здравје и 1 центар за јавно здравје, институт за трансфузиологија, 11 аптеки и 32 универзитетски клиники. Во општина **Гази Баба** работеле следните 64 здравствени установи: Здравсвен дом на Железара, две подрачни служби на Здравствен дом – Скопје, 30 ординации по општа медицина, 4 гинеколошки ординации, 23 ординации по стоматологија, 1 специјалистичка ординација, една општа болница, 3 аптеки и 1 поликлиника на примарно ниво КПД Идризово. Во општина **Илинден** здравствена заштита спроведувале 12 здравствени установи и тоа: една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 7 ординации по општа медицина, 2 стоматолошки ординации и 3 аптеки. Општина **Шуто Оризари** располагала со следните 7 здравствени установи: една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 4 ординации за општа медицина, 2 ординации по стоматологија, 1 аптека. Во општина **Ѓорче Петров** работат 67 здравствени установи: една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 30 ординации по општа медицина, 4 ординации по гинекологија, 19 стоматолошки ординации, 6 специјалистички ординации, 1 дијагностичка лабораторија, 2 специјални болници, еден завод и 4 аптеки. Во општината **Карпош** во мрежата биле вклучени 112 здравствени установи: една работна единица на Здравствен дом – Скопје, 32 ординации по општа медицина, 3 гинеколошки ординации, 30 ординации по стоматологија, 33 специјалистичко-консултативни ординации, 2 дијагностички лаборатории, една општа болница, две специјални болници, 1 клиничка болница, еден институт и 7 аптеки. Во општина **Кисела Вода** здравствена заштита спроведувале следните 62 здравствени установи: една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 25 ординации по општа медицина, 4 ординации по гинекологија, 19 ординации

по стоматологија, 5 специјалистички ординации, 7 аптеки, една дијагностичка лабораторија и 1 приватана поликлиника. Во општина **Петровец 7 здравствени установи** – една подрачна служба на Здравствен дом–Скопје, 3 ординации по општа медицина, 2 ординации по стоматологија и 2 аптеки. Општина **Сарај** има – 9 ординации по општа медицина, 1 ординација по гинекологија, 1 ординација по стоматологија и 2 аптеки. Во општина **Сопиште** – 2 ординации по општа медицина, 2 ординации по стоматологија и 2 аптеки. Во општина **Студеничани** има 4 ординации по општа медицина и 2 ординации по стоматологија и 3 аптеки. Во општина **Зелениково** има една ординација по општа медицина и една ординација по стоматологија. Во општина **Чаир** здравствена заштита спроведувале 69 здравствени установи: една работна единица на Здравствен дом – Скопје, 25 ординации по општа медицина, 8 ординации по гинекологија, 19 ординации по стоматологија, 8 специјалистичко-консултативни ординации, еден институт, 1 специјална болница и 7 аптеки. Во општина **Чучер Сандево** во 2016 година работеле вкупно 3 здравствени установи од кои: 2 ординации по општа медицина и 1 аптека ( Табела 1.).

### 4.2 Кадровска обезбеденост на Скопскиот регион со здравствени работници и здравствени соработници

Во здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност на подрачјето на Скопскиот регион во 2016 година **биле вработени вкупно 13 753 лица.** Од нив **68.2% биле здравствени работници**, или 9377 лица. **Здравствените соработници** учествувале со индекс од **7.5%,** односно 1027 лице. Останати работници, т.е административно-финансиски работници, технички работници и хигиеничари имало вкупно 3349. Тие биле **24.3%** од вкупниот број на вработени во здравствената дејност на подрачјето на Скопскиот регион (Табела 2.).

Бројот на здравствени работници го чинат: 4618 здравствени работници со висока стручна подготовка (49.2%), 121 здравствени работници со виша стручна подготовка (1.3%), 4635 работници со средна стручна подготовка (49.3%) и 3 работници со нижа стручна подготовка (Табела 2.).

Дистрибуцијата на здравствените работници, здравствените соработници и останатите работници во здравствените установи и другите установи кои

вршат здравствена дејност на подрачјето на Скопскиот регион, во амбулантно-поликлиничката здравствена дејност (ПЗЗ), болничката дејност, специјалистичко - консултативната дејност, наставната дејност, специјализираната превентивна дејност, фармацевтската дејност и техничко - административната дејност, во целост е прикажана на Табела 2..

Во **болничката дејност** на подрачјето на Скопскиот регион, работеле **42.6%** од вкупниот број на вработени во здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност. 59.4% биле здравствени работници, 8.1% здравствени соработници и 32.5% останатите работници во здравството (Табела 2.).

Бројот на вработени **во амбулантно-поликлиничката дејност (ПЗЗ)** во структурата на вкупно вработените во здравствената дејност на Скопскиот регион, учествува со индекс од **17.1%.** Од нив, 89.4% биле здравствени работници, 0.9% здравствени соработници и 9.7% останати работници во здравството (Табела 2.).

На **специјалистичко-консултативната дејност - во болниците** на подрачјето на Скопскиот регион, им припаѓаат **16.0%** од вкупно вработените. Од нив 74.4% биле здравствени работници, 8.5% здравствени соработници и 17.1% останати работници во здравството во оваа дејност (Табела 2.).

На **специјалистичко-консултативната дејност - вон болниците** на подрачјето на Скопскиот регион, им припаѓаат **10.0%** од вкупно вработените. Од овие, 79.2% биле здравствени работници, 8.5% здравствени соработници и 12.3% останати работници во здравството (Табела 2.).

На **останатите здравствени дејности** им припаѓаат **14.3%** од вкупно вработените во здравствената дејност на подрачјето на Скопскиот регион. Од нив 53.3% биле здравствени работници, 12.5% здравствени соработници и 34.2% останати работници во здравството (Табела 2.).

На **фармацевтската дејност** и припаѓаат **5.3%** од вкупно вработените; од нив 90.07% се здравствените работници, здравствени соработници нема и 9.93% се останати работници во фармацевтската дејност на подрачјето на Скопскиот регион (Табела 2.).

Дистрибуцијата на здравствените работници со висока стручна подготовка вработени во здравствените установи во Скопскиот регион според

профилот / видот, вкупно и во одделните дејности посебно, е прикажана во Табела 3..

**Највисоко е учеството** на здравствените работници со висока стручна подготовка **во болничката дејност**. Од вкупно 3483 здравствени работници, 1602 се лекари, 13 стоматолози и 19 фармацевти.

**Амбулантно-поликлиничката дејност** ангажира вкупно 2110 здравствени работници, 1120 со висока стручна подготовка. Од нив 663 се лекари, 364 се стоматолози, и 93 се останати. Во оваа дејност има 19 здравствени соработници.

**Специјалистичко-консултативната дејност – во болниците** ангажира вкупно 1638 здравствени работници, 424 лекари, 139 стоматолози (Стоматолошки клинички центар) и 5 фармацевти.

**Специјалистичко-консултативната дејност – вон болниците** ангажира вкупно 1097 здравствени работници, 535 лекари, 107 стоматолози и 2 фармацевти (Табела 4.).

**Здравствените работници со виша стручна подготовка** (вкупно 121), во најголем број се ангажирани во болничката дејност (30.5%). Според видот најбројни се медицинските сестри (49.5%) и физиотерапевтски техничари (14.8%) (Табела 5.).

**Здравствени работници со средна стручна подготовка** во најголем број се анжирани во болничката дејност, 1842, со индекс од 39.7%, а нивниот број во амбулантно-поликлиничката дејност и специјлистичко-консултативната вон болничка дејност бил 1511, со индекс на структура од 32.5%. Во гореспоменатите дејности најбројни спрема видот меѓу здравствените работници со средна стручна подготовка **се медицинските сестри** со учество од 90.5% во болничката дејност и 62% во амбулантно-поликлиничката дејност и специјалистичко-консултативната вон болничка дејност. **На второ место во претходноспоменатите дејности се лаборантските техничари** (34.2%), кои, исто така, се намногу застапени и во специјалистичко-консултативната дејност во болниците (50.1%). **Стоматолошките сестри со најголем број биле ангажирани во амбулантно-поликлиничката дејност и тоа со индекс од 23.9%** (Табела 5.). Здравствените работници со нижа стручна подготовка, како и да не постојат во структурата на здравствените работници. Единствено се

присутни во болничката здравствена заштита и специјлистичко-консултативната дејност во болниците и тоа само 3 на број (Табела 6.).

Табела 7. ги прикажува **постигнатите стандарди на обезбеденост на населението од Скопскиот регион со лекари, стоматолози и фармацевти.**

Во **вонболничката здравствена заштита достигнат е стандард од 1 лекар ангажиран на 362 жители** на Скопскиот регион. Во **болничката здравствена заштита е достигнат стандард од 1 лекар ангажиран во лекувањето на 310 жители на Скопскиот регион.** Или, вкупно во Скопскиот регион достигнат е стандард од 1 лекар на 672 жители. Исто така, достигнат е стандард од 1020 жители на 1 стоматолог и 1 фармацевт на 2154 жители во вон болничката дејност на подрачјето на Скопскиот регион.

**Во примарната здравствена заштита во 2016** година во Скопскиот регион во ординациите по **општа медицина** работеле вкупно 435 лекари. Од нив 28.8% биле лекари специјалисти.

Односот на здравствени работници со виша и со средна стручна подготовка на лекар бил 1:1 за Скопскиот регион, вкупно (Табела 8.).

Во **ординациите по општа медицина во 2016 година** во Скопскиот регион остварени се **6149 посети по лекар**, **а дневниот просек** по лекар за 2016 година изнесувал **25.6 посети**.

Во **одинациите по гинекологија и акушерство** во текот на 2016 година во Скопскиот регион работеле 54 специјалисти, 1 лекар на специјализација и 54 останати здравствени работници, со меѓусебен соодност од 1:1 (Табела 9.). Во **ординациите по гинекологија биле остварени 4469 посети по лекар или 19 посети по лекар на ден.**

**Ординациите по стоматологија** биле обезбедени со **366 општи стоматолози** и **272 стоматолози специјалисти и 14 стоматолози на специјализација**. Во спроведување на стоматолошката заштита во овие ординации учествувале и 480 лица со виша и средна стручна наобразба (забен техничар или забен асистент) прикажани на Табела 10.. Односот меѓу нив бил 1 стоматолог/1 забен техничар и забен асистент.

**Во ординациите по педијатрија во текот на 2016** година за Скопскиот регион биле вработени вкупно 34 лекари. Од нив 65% биле специјалисти и 2 лекари на специјализација. Односот лекар/здравствени работници со виша и

средна стручна поготовка, бил 1:1.2. **Во ординациите по педијатрија биле остварени 55 посети по лекар на ден** (Табела 11.).

**Во специјалистичките ординации во текот на 2016 година во Скопскиот регион** работеле вкупно 282 специјалисти, 6 лекари на специјализација и 5 лекари по општа медицина. Од здравствените работници со виша и средна стручна подготовка во оваа служба работеле 324 останати здравствени работници, односно бил постигнат однос на лекар/здравствени работници со виша и средна стручна подготовка од 1: 1.1 (Табела 12.).

**Во болничката здравствена заштита биле** вработени **887 специјалисти, 157 лекари на специјализација, 66 лекари по општа медицина,** 10 специјалисти стоматолози, 14 фармацевти и 80 здравствени соработници со висока стручна спрема. Односот лекар/здравствени работници со виша и средна стручна подготовка бил 1/1.8.

## 4.3 Споредба на индикатори за обезбеденост со здравствени работници во Република Македонија и други земји од Европскиот регион

Во Република Македонија обезбеденоста со здравствени работници е анализирана преку бројот на дипломирани лекари, бројот на лекари, бројот на стоматолози, бројот на фармацевти, бројот на лекари специјалисти и бројот на сестри на 100000 жители. Исто така, анализирано е и процентуалното учество на лекарите вработени во болница, како за Република Македонија така и за некои други земји од регионот.

Стапката на дипломирани лекари на 100000 жители во Р. Македонија (12.6) била повисока во однос на истата стапка на ниво на Европската Унија за 7.9% за 2012 година. Истиот индикатор бил со помала вредност во однос на Србија 17.9 на 100000 жители за 2012 година, а земјите од соседството Бугарија и Албанија имаат пониски вредности: Бугарија 9.5 и Албанија 9.0 за 2012 година (Графикон 1.).




Извор: European Health for all database (HFA – DB)- последен достапен податок

Во Република Македонија за 2013 година достигнат е стандард од 280.0 лекари на 100000 жители, што е за 65 лекари на 100000 жители помалку од вредноста на истиот индикатор на Европската Унија. Во однос на Бугарија и Србија, Република Македонија има помала обезбеденост со лекари на 100000 жители (Графикон 2.).




Извор: European Health for all database (HFA – DB) - последен достапен податок

Во Република Македонија има поголема обезбеденост со стоматолози на 100000 жители во однос на Европската Унија. Најмала обезбеденост со стоматолози има во соседството и тоа во Србија која има 33.4 стоматолози на 100000 жители за 2013 година. Бугарија има повисока обезбеденост со стоматолози на 100000 жители 100.3 во однос на Р. Македонија за 2013 година. Словенија има помала

обезбеденост со стоматолози на 100000 жители како и Европската Унија за 2013 година (Графикон 3.).




Извор: European Health for all database (HFA – DB) - последен достапен податок

Обезбеденоста со фармацевти во Република Македонија за 2013 година изнесува 44.8 на 100000 жители што е за 45.7% помала од обезбеденоста со фармацевти во Европската Унија за истата година. Македонија има за 22.3% помала обезбеденост со фармацевти од Словенија за 2013 година и слична вредност на овој индикатор споредено со Европскиот Регион (Графикон 4.).




Извор: European Health for all database (HFA – DB) - последен достапен податок

Стапката на медицински сестри на 100000 жители во Република Македонија за 2013 година била 421.1 и истата била пониска во однос на Србија, Европската Унија, Словенија и Европскиот Регион. Највисока стапка за 2013 година имало во Европската Унија и тоа 846.4 медицински сестри на 100000 жители (Графикон 5.).




Извор: European Health for all database (HFA – DB) - последен достапен податок

Во Република Македонија во 2013 година имало 81.6 лекари специјалисти или 38.4% помалку лекари специјалисти во однос на Србија за истата година. Македонија има за 17.5% помалку лекари специјалисти во однос на Европската Унија за 2013 година и слична обезбеденост со овој вид на специјалисти споредено со Словенија (Графикон 6.).




Извор: European Health for all database (HFA – DB) - последен достапен податок

Процентуалната застапеност на лекарите вработени во болничката здравствена заштита во Република Македонија за 2013 година е 33.7% и истата е најниска во споредба со Србија, Словенија, Бугарија, Албанија, Европската Унија и Евопскиот регион. Највисока процентуална застапеност на болнички лекари за 2013 година имало во  Бугарија од регионот и Европскиот регион како целина 59.6% (Графикон 7.).




Извор: European Health for all database (HFA – DB) - последен достапен податок

## 5. Заклучоци

1. Распределбата на здравствените установи од примарната здравствена заштита (ординации по општа медицина, стоматолошки ординации), генерално одговара спрема потребите на населението, освен во дејноста за гинекологија и акушерство во руралните општини, исклучок е општина Студеничани. Оваа состојба се повторува веќе неколку изминати години.

2. Постои нерамномерна распределеност на специјалистичките ординации на секундарно ниво. Највисока концентарција на овие ординации има во централното градско подрачје, поточно во општините Центар и Карпош каде што се лоцирани повеќе од 75% од сите специјалистички ординации.

3. Во однос на кадровската обезбеденост, најголем процент **42.6%** од вкупниот број на вработени во здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност се вработените здравствени работници во болничката здравствена заштита.
4. Постои зголемување на бројот на останати здравствени работници (медицинските сестри и останати здравствени работници со завршено високо образование) и во вон болничката и во болничката здравствена заштита.
5. Сеуште на теренот е присутен несоодветен состав на тимовите во примарната здравствена заштита.
6. Процентуалната застапеност на вработените лекари во болничката здравствена заштита на Скопскиот регион за 2016 година изнесува 40.3%, а вредноста на истиот индикатор за Република Македонија во 2013 година бил 33.7%.
8. Недостасуваат матични гинеколози во руралните општини на Скопскиот регион.

**6. Предлог мерки**

1. Обезбедување рамномерен развој и одржување на здравствената мрежа и нејзино обезбедување со соодветен кадровски потенцијал;
2. Одржување и исполнување на предвидените стандарди на обезбеденост со здравствени работници (лекари, лекари специјлисти, останати медицински работници) како во односот меѓу вработените, така и во однос на населението.

**Користена литература**

1. European Health for all database (HFA – DB), јули 2016, пристапено април 2017

2. WEB-stranica/WEB site: http://www.stat.gov.mk

3. Закон за здравствена заштита, Сл. весник на РМ бр. 101/2014.

4. Закон за евиденциите во областа на здравството, Сл. весник на РМ бр. 164/2013.

5. Национална годишна програма за јавно здравје на РМ, Службен весник на РМ, бр. 192 /2016.

7. Uloga zdravstvenih ustanova i zdravstvenih radnika u sistemu zdravstvene zaštite, Zakon o zdravstvenoj zaštiti, sl. glasnik RS, br. 106/2015, Beograd, 2015.

8. Неда Милевска Костова, Снежана Чичевалиева, Развој на национални здравствени политики во СЗО европскиот регион, Канцаларија на СЗО-Скопје, 2016.

9. ОН (2015). A/PEC/70/1 – Трансформирање на нашиот свет: Агенда 2030 за одржлив развој, Декларација. Достапно на: https://sustainabledevelopment.un.org/post2015/transformingourworld

**Табела 2.Вработени во здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност во Скопскиот регион во 2016 година**

| Здравствена дејност | Вкупно | Здравствени работници | | | | Здрав. соработници | Останати работници во здравство | | | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Висока | Виша | Средна | Нижа | | Вкупно | Адми. | Тех. Кадар | Чист. | |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
| амбулантно поликлиничка дејност (ПЗЗ) | **2110** | **1120** | 15 | 975 | | **21** | 229 | **42** | 141 | **46** | **2360** |
| болничка дејност | **3483** | **1602** | 37 | 1842 | 2 | **475** | 1901 | **719** | 770 | **412** | **5859** |
| фармацевтска дејност | **653** | **298** | 1 | 354 | | | 72 | **5** | 38 | **29** | **725** |
| наставна дејност | **187** | **139** | 3 | 45 | | **25** | 130 | **70** | 57 | **3** | **342** |
| специјалистичко-консултативна дејност-болничка | **1638** | **805** | 33 | 799 | 1 | **187** | 377 | **205** | 104 | **68** | **2202** |
| специјализирана превентивна дејност | **147** | **87** | 4 | 56 | | **91** | 95 | **55** | 34 | **6** | **333** |
| техничко-административна дејност | **62** | **32** | 2 | 28 | | **109** | 375 | **195** | 144 | **36** | **546** |
| специјалистичко-консултативна дејност- вон болничка | **1097** | **535** | 26 | 536 | | **119** | 170 | **91** | 56 | **23** | **1386** |
| С е В к у п н о | **9377** | **4618** | **121** | **4635** | **3** | **1027** | **3349** | **1382** | **1344** | **623** | **13753** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 3.Дистрибуција на здравствени работници со висока стручна подготовка спрема видот / профилот, вкупно и во одделните здравствени дејности воСкопскиот регион во 2016 година**

| Здравствена дејност | вкупно здрав. работници | Здравствени работници со висока стручна подготовка | | | | | | | | | | Здрав. сораб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | Л е к а р и | | | | Стоматолози | | Фармацевти | | Оста нати | |
| | | | Се | општа медицина | на спец. | Специ јалист | Се | од тоа спец. | Се | од тоа спец. | | |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| амбулантно поликлиничка дејност (ПЗЗ) | **2110** | **1120** | **663** | 444 | 36 | 183 | **364** | 11 | | | **93** | **19** |
| болничка дејност | **3483** | **1602** | **1110** | 66 | 157 | 887 | **13** | 10 | **19** | 5 | **460** | **80** |
| фармацевтска дејност | **653** | **298** | **5** | 5 | | | | | **267** | | **26** | |
| наставна дејност | **187** | **139** | **125** | 34 | 8 | 83 | | | | | **14** | **22** |
| специјалистичко-консултативна дејност-болничка | **1638** | **805** | **424** | 39 | 55 | 330 | **139** | 131 | **5** | 1 | **237** | **102** |
| специјализирана превентивна дејност | **147** | **87** | **61** | 3 | 8 | 50 | **1** | | **7** | 6 | **18** | **58** |
| техничко-административна дејност | **62** | **32** | **19** | 12 | 6 | 1 | **1** | 1 | **9** | 3 | **3** | **94** |
| специјалистичко-консултативна дејност- вон болничка | **1097** | **535** | **344** | 26 | 12 | 306 | **107** | 86 | **2** | | **82** | **106** |
| С е В к у п н о | **9377** | **4618** | **2751** | **629** | **282** | **1840** | **625** | **239** | **309** | **15** | **933** | **481** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 4.Дистрибуција на здравствени работници со виша стручна подготовка спрема видот/профилот, вкупно и во одделните здравствени дејности во Скопскиот регион во 2016 година**

| Здравствена дејност | вкупно здрав. работни. | Здравствени работници со виша стручна подготовка | | | | | | | | | | Здрав. сораб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мед. сестри | забари | забни техн. | ртг техн. | физиот. техн. | фарм техн. | радиоте. техн. | акуш. | лаб. техн. | оста нати | |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| амбулантно поликлиничка дејност (ПЗЗ) | **15** | 11 | | 1 | | | | | 2 | | 1 | |
| болничка дејност | **37** | 26 | | | 2 | 4 | | | 1 | | 4 | **2** |
| фармацевтска дејност | **1** | 1 | | | | | | | | | | |
| наставна дејност | **3** | | | | | | | | | 2 | 1 | |
| специјалистичко-консултативна дејност-болничка | **33** | 14 | | | 7 | 8 | | | 1 | 2 | 1 | **1** |
| специјализирана превентивна дејност | **4** | 1 | | | | | 1 | | | 2 | | **2** |
| техничко-административна дејност | **2** | | | | 1 | | | | | | 1 | |
| специјалистичко-консултативна дејност- вон болничка | **26** | 7 | | | 7 | 6 | | | | 1 | 5 | **1** |
| С е В к у п н о | **121** | **60** | | **1** | **17** | **18** | **1** | | **4** | **7** | **13** | **6** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 5.Дистрибуција на здравствени работници со средна стручна подготовка спрема видот/ профилот, вкупно и во одделните здравствени дејности во Скопскиот регион во 2016 година**

| Здравствена дејност | вкупно здрав. работн. | Здравствени работници со средна стручна подготовка | | | | | | | | | | | Нижа | Здрав. сораб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мед. сестри | стом. сестри | забни техн. | ртг техн. | физот. техн. | радиот. техн. | фарм техн. | сан. техн. | акуш. | лабор. техн. | оста нати | | |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| амбулантно поликлиничка дејност (ПЗЗ) | **975** | 636 | 233 | 34 | | | | | 3 | 46 | 17 | 6 | | **2** |
| болничка дејност | **1842** | 1668 | | | | 20 | | 16 | 4 | 119 | 5 | 10 | 2 | **349** |
| фармацевтска дејност | **354** | 2 | | | | | | 350 | | | | 2 | | |
| наставна дејност | **45** | | | | | | | | | | 44 | 1 | | **3** |
| специјалистичко-консултативна дејност-болничка | **799** | 383 | 43 | 39 | 5 | 75 | | 4 | 1 | 18 | 227 | 4 | 1 | **77** |
| специјализирана превентивна дејност | **56** | 13 | | | | | | | | | 22 | 21 | | **31** |
| техничко-административна дејност | **28** | 11 | | | | | | 17 | | | | | | **15** |
| специјалистичко-консултативна дејност- вон болничка | **536** | 301 | 55 | 11 | | 16 | 3 | 1 | | | 138 | 11 | | **12** |
| С е В к у п н о | **4635** | **3014** | **331** | **84** | **5** | **111** | **3** | **388** | **8** | **183** | **453** | **55** | **3** | **489** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 6.Дистрибуција на административен и технички кадар спрема видот/профилот,вкупно и во одделните здравствени дејности во Скопскиот регион во 2016 година**

| Здравствена дејност | Административен и технички кадар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | С е вкупно | Адм. вкупно | Адм. висока | Адм. виша | Адм. средна | Адм. нижа | Техн. кадар |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 |
| амбулантно поликлиничка дејност (ПЗЗ) | **229** | 42 | 8 | 1 | 33 | | 187 |
| болничка дејност | **1901** | 719 | 225 | 15 | 479 | | 1182 |
| фармацевтска дејност | **72** | 5 | 5 | | | | 67 |
| наставна дејност | **130** | 70 | 29 | 3 | 38 | | 60 |
| специјалистичко-консултативна дејност-болничка | **377** | 205 | 40 | 2 | 163 | | 172 |
| специјализирана превентивна дејност | **95** | 55 | 25 | | 30 | | 40 |
| техничко-административна дејност | **375** | 195 | 84 | 6 | 105 | | 180 |
| специјалистичко-консултативна дејност- вон болничка | **170** | 91 | 29 | 1 | 60 | 1 | 79 |
| С е В к у п н о | **3349** | **1382** | **445** | **28** | **908** | **1** | **1967** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 7.Здравствени работници со висока стручна подготовка по видови/пофили, вкупно во болничките и вон болничките здравствени установи во Скопскиот регион во 2016 година**

| Здравствени установи установикои вршат здравствена дејност | лекари | | | | | | лекари ангажирани за скопското население | | стоматолози | | фармацевти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | в к у п н о | | по општа мед. | | специјалисти | | | | | | | |
| | вкупно | жители на лекар | вкупно | жители на лекар по општа медицина | вкупно | жители на лекар специјалист | вкупно | жители на лекари ангажиран за скопското население | вкупно | жители на стоматолог | вкупно | жители на фармацевт |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| Вон болнички | 3016 | 207 | 563 | 1109 | 953 | 655 | 1641 | 362 | 612 | 1020 | 290 | 2154 |
| Болнички | 1602 | 390 | 66 | 9462 | 887 | 887 | 1110 | 310 | 13 | 48040 | 19 | 32870 |
| **С е В к у п н о** | **4618** | **597** | **629** | **10572** | **1840** | **1542** | **2751** | **672** | **625** | **49061** | **309** | **35023** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 1.Здравствени установи на територијата на Скопскиот регион: дистрибуција според видот по општини за 2016 година**

| Општина | вкупно | здравствен дом* | Центар | ординација: општа медицина | ординација: гинекологија и акушерство | ординација: по стоматологија | ординација: спец.консултат ивна | дијагностичка лабораторија | општа болница | специјална болница | универзитетска клиника*** | стоматолошки клинички центар | аптека | клиничка болница | институт** | завод | Институт за медицина на труд | Институт за трансфузиологија | Институтза јавно здравје | Центар за јавно здравје | поликлиника |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 1 Аеродром | 94 | | | 41 | 2 | 30 | 16 | | | | | | 5 | | | | | | | | |
| 2 Бутел | 18 | | | 10 | | 4 | 1 | | | | | | 3 | | | | | | | | |
| 3 Гази Баба | 64 | 1 | | 30 | 4 | 23 | 1 | | 1 | | | | 3 | | | | | | | | 1 |
| 4 Ѓорче Петров | 67 | | | 30 | 4 | 19 | 6 | 1 | | 2 | | | 4 | | | 1 | | | | | |
| 5 Карпош | 112 | | | 32 | 3 | 30 | 33 | 2 | 1 | 2 | | | 7 | 1 | 1 | | | | | | |
| 6 Кисела Вода | 62 | | | 25 | 4 | 19 | 5 | 1 | | | | | 7 | | | | | | | | 1 |
| 7 Сарај | 14 | | | 8 | 1 | 3 | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 8 Центар | 229 | 2 | | 31 | 15 | 47 | 67 | 2 | | | 32 | 2 | 11 | | 14 | 2 | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 9 Чаир | 69 | | | 25 | 8 | 19 | 8 | | | 1 | | | 7 | | 1 | | | | | | |
| 10 Шуто Оризари | 7 | | | 4 | | 2 | | | | | | | 1 | | | | | | | | |
| **Скопје,село** | **736** | **3** | **0** | **236** | **41** | **196** | **137** | **6** | **2** | **5** | **32** | **2** | **50** | **1** | **16** | **3** | **0** | **1** | **1** | **1** | **3** |
| 11 Арачиново | **3** | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 12 Зелениково | **2** | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 13 Илинден | **12** | | | 7 | | 2 | | | | | | | 3 | | | | | | | | |
| 14 Петровец | **7** | | | 3 | | 2 | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 15 Сопиште | **6** | | | 2 | | 2 | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 16 Студеничани | **9** | | | 4 | | 2 | | | | | | | 3 | | | | | | | | |
| 17 Чучер-Сандево | **3** | | | 2 | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | |
| **Скопје,село** | **42** | **0** | **0** | **22** | **0** | **9** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **11** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Скопски регион** | **778** | **3** | **0** | **258** | **41** | **205** | **137** | **6** | **2** | **5** | **32** | **2** | **61** | **1** | **16** | **3** | **0** | **1** | **1** | **1** | **3** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

Забелешка: *На територијата на Скопскиот регион работат три здравствени дома, Здравствен дом Железничар (општина Центар), Здравствен дом Железара и Здравствен дом-Скопје чии служби се дистрибуирани во целиот регион. Во состав на Здравствен дом Скопје функционираат и три заводи како составни организациони - работни единици во склоп на истиот ( Завод за мајки и деца - општина Центар, Завод за ментално здравје - општина Карпош и Завод за спортска медицина -општина Центар) ** Во описот Институт покрај Институтите при Медицински факултет вклучени се и Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза кај децата - Козле (општина Карпош) и Институтот за болодробни заболувања и туберкулоза (општина Центар) кои функционираат како специјални болници*** 31УК бидејќи посебно се прикажани ортопедија, траума КАРИЛ и ургентен центар.

**Табела 8. Вработени во ординациите по општа медицина во 2106 година Во Скопскиот регион според стручната подготовка**

| општина | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | медицински работни | | | | места пунктови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | со виша подготовка | | со средна подготовка | | со ниска спрема | вкупно | психолози | социјални работници | останати | |
| | | лекари | | | | останати | | | | | | | | | | |
| | | вкупно | општа медицина | на спец. | специјалисти | | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | | | | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| Гази Баба | 77 | 40 | 32 | | 8 | 2 | | | 35 | 35 | | | | | | |
| Ѓорче Петров | 67 | 34 | 27 | | 7 | 1 | 2 | 2 | 30 | 30 | | | | | | |
| Карпош | 306 | 147 | 101 | 10 | 36 | 13 | | | 83 | 80 | | | | | | |
| Кисела Вода | 40 | 37 | 27 | | 10 | 3 | | | 34 | 33 | | | | | | |
| Центар | 32 | 27 | 21 | | 6 | 5 | | | 25 | 25 | | | | | | |
| Чаир | 78 | 23 | 23 | | 9 | 7 | | | 39 | 26 | | | | | | |
| Шуто Оризари | 8 | 4 | 3 | | 1 | | | | 4 | 4 | | | | | | |
| Аеродром | 104 | 51 | 41 | 5 | 6 | 2 | 1 | 1 | 50 | 50 | | | | | | |
| Бутел | 30 | 15 | 13 | 1 | 1 | | | | 16 | 16 | | | | | | |
| Сарај | 23 | 12 | 9 | 1 | 2 | | | | 11 | 11 | | | | | | |
| Арачиново | 11 | 5 | 5 | | | | | | 6 | 6 | | | | | | |
| Зелениково | 5 | 2 | 1 | | 1 | | | | 3 | 3 | | | | | | |
| Илинден | 23 | 11 | 9 | | 2 | | | | 12 | 12 | | | | | | |
| Петровец | 16 | 8 | 6 | | 2 | | | | 8 | 8 | | | | | | |
| Сопиште | 8 | 4 | 4 | | | | | | 4 | 4 | | | | | | |
| Студеничани | 24 | 10 | 6 | | 4 | 1 | | | 13 | 7 | | | | | | |
| Чучер Сандево | 8 | 5 | 5 | | | | | | 3 | 3 | | | | | | |
| **Вкупно** | **860** | **435** | **333** | **17** | **95** | **34** | **3** | **3** | **376** | **353** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Извор; Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 9. Вработени во ординациите по гинекологија и акушерство во 2016 година во Скопскиот регион според стучната подготовка**

| општина | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | емедицински работниц | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | со виша подготовка | | со средна подготовка | | | | | | | |
| | | лекари | | | | | | | | | | | | | | |
| | | вкупно | општа медицина | на спец. | специјалисти | останати | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | со ниска спрема | вкупно | психолози | социјални работници | останати | места пунктови |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| Гази Баба | 9 | 4 | | | 4 | | 1 | | 2 | 2 | | | | | | |
| Ѓорче Петров | 8 | 4 | | | 4 | | | | 4 | 2 | | | | | | |
| Карпош | 11 | 6 | | | 6 | | | | 5 | 3 | | | | | | |
| Кисела Вода | 8 | 4 | | | 4 | | 1 | 1 | 3 | | | | | | | |
| Центар | 45 | 22 | 1 | | 21 | 2 | | | 21 | 11 | | | | | | |
| Чаир | 20 | 10 | | | 10 | 1 | 1 | | 8 | 3 | | | | | | |
| Шуто Оризари | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Аеродром | 6 | 3 | | | 3 | | | | 3 | | | | | | | |
| Бутел | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Сарај | 2 | 1 | | | 1 | | | | 1 | | | | | | | |
| Арачиново | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Зелениково | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Илинден | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Петровец | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Сопиште | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Студеничани | 2 | 1 | | | 1 | | | | 1 | 1 | | | | | | |
| Чучер Сандево | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **111** | **55** | **1** | **0** | **54** | **3** | **3** | **1** | **48** | **22** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Извор; Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 10. Вработени во ординациите по стоматологија во 2016 година во Скопскиот регионспоред стручната подготовка**

| Општина | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | | | места пунктови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | забари | | забни техничари | | забни асистенти | | останати | |
| | | лекари | | | | останати | | | | | | | | |
| | | вкупно | стоматолози | стоматолози на спец. | стоматолози специјалисти | | вкупно | од тоа со виша спрема | вкупно | од тоа со виша спрема | вкупно | од тоа со средна | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| Гази Баба | 59 | 30 | 26 | | 4 | | | | 6 | | 23 | 21 | | |
| Ѓорче Петров | 50 | 26 | 25 | 1 | | 1 | | | 3 | | 20 | 20 | | |
| Карпош | 129 | 72 | 49 | 1 | 22 | 7 | | | 11 | 1 | 39 | 39 | | |
| Кисела Вода | 72 | 37 | 29 | | 8 | 4 | | | 5 | 4 | 26 | 26 | | |
| Центар | 555 | 313 | 95 | 10 | 208 | 27 | | | 66 | 5 | 149 | 149 | | |
| Чаир | 130 | 73 | 59 | | 14 | 3 | | | 10 | 1 | 44 | 44 | | |
| Шуто Оризари | 10 | 5 | 5 | | | | | | | | 5 | 5 | | |
| Аеродром | 120 | 66 | 51 | | 15 | 7 | | | 4 | | 43 | 43 | | |
| Бутел | 23 | 11 | 10 | | 1 | 2 | | | 5 | | 5 | 5 | | |
| Сарај | 4 | 2 | 2 | | | | | | | | 2 | 2 | | |
| Арачиново | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | |
| Зелениково | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | 3 | 3 | | |
| Илинден | 6 | 3 | 3 | | | | | | | | | | | |
| Петровец | 4 | 2 | 2 | | | | | | | | 2 | 2 | | |
| Сопиште | 7 | 4 | 4 | | | | | | 1 | | 2 | 2 | | |
| Студеничани | 12 | 7 | 5 | 2 | | | | | | | 5 | 5 | | |
| Чучер Сандево | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **1183** | **652** | **366** | **14** | **272** | **51** | **0** | **0** | **111** | **11** | **369** | **367** | **0** | **0** |

Извор; Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 11. Вработени во оргдинациите по педијатрија во 2016 година во Скопскиот регион според стручната подготовка**

| општина | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | Немедицински работници | | | | места пунктови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | со виша подготовка | | со средна подготовк | | со ниска спрема | вкупно | психолози | социјални работници | останати | |
| | | лекари | | | | останати | | | | | | | | | | |
| | | вкупно | општа медицина | на спец. | специјалисти | | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | | | | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| Гази Баба | 14 | 7 | 5 | 1 | 1 | | | | 7 | 7 | | | | | | |
| Ѓорче Петров | 11 | 5 | | | 5 | | | | 6 | 6 | | | | | | |
| Карпош | 6 | 2 | | | 2 | | | | 4 | 1 | | | | | | |
| Кисела Вода | 6 | 2 | 1 | | 1 | | | | 4 | 4 | | | | | | |
| Центар | 14 | 6 | | | 6 | | 2 | 2 | 6 | 6 | | | | | | |
| Чаир | 19 | 8 | 3 | 1 | 4 | 1 | | | 10 | 10 | | | | | | |
| Шуто Оризари | 4 | 2 | 1 | | 1 | | | | 3 | 3 | | | | | | |
| Аеродром | 6 | 2 | | | 2 | 1 | | | 3 | 3 | | | | | | |
| **Вкупно** | **80** | **34** | **10** | **2** | **22** | **2** | **2** | **2** | **43** | **40** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Извор; Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 12. Вработени во специјалистичките ординации во 2016 година во Скопскиот регион според стручната подготовка**

| општина | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | едицински работни | | | | места пунктови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | со виша подготовка | | со средна подготовка | | со ниска спрема | вкупно | психолози | социјални работници | останати | |
| | | лекари | | | | останати | | | | | | | | | | |
| | | вкупно | општа медицина | на спец. | специјалисти | | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | | | | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| Гази Баба | 34 | 16 | | | 16 | | 2 | | 16 | 13 | | | | | | |
| Ѓорче Петров | 58 | 16 | 2 | | 14 | 4 | 1 | | 37 | 32 | | | | | | |
| Карпош | 94 | 47 | | 2 | 45 | 12 | 3 | | 32 | 26 | | | | | | |
| Кисела Вода | 17 | 8 | | | 8 | 4 | | | 5 | 4 | | | | | | |
| Центар | 153 | 66 | 1 | 3 | 62 | 13 | 4 | 1 | 70 | 56 | | | | | | |
| Чаир | 5 | 3 | | | 3 | | | | 2 | 2 | | | | | | |
| Шуто Оризари | 2 | 1 | | | 1 | | | | 1 | 1 | | | | | | |
| Аеродром | 35 | 15 | 1 | 1 | 13 | 6 | 1 | | 13 | 8 | | | | | | |
| Бутел | 33 | 3 | 1 | | 2 | 5 | | | 25 | 25 | | | | | | |
| Здравствен дом | 236 | 118 | | | 118 | | 6 | | 106 | 90 | | | | | | |
| **Вкупно** | **667** | **293** | **5** | **6** | **282** | **44** | **17** | **1** | **307** | **257** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Извор; Центар за јавно здравје - Скопје